## *БИОСТИМУЛАТОР*
## *NEMAKIL 35 AL plus*

(Концентриран природен екстракт од Q. saponaria,
богат со тритерпенски сапонини и со полифеноли,
со додаток на микроелементи во хелатна форма)

**НАМЕНА**

За контрола на паразитските нематоди и за спречување на нивното штетно дејство врз земјоделските култури.

**ПРИМЕНА И ЕФЕКТИ ОД ПРИМЕНАТА**

NEMAKIL 35 AL plus претставува 100% природен и водорастворлив растителен екстракт добиен од Quillaja saponaria, автохтоно дрво кое се среќава во Чиле, со додаток на микроелементи (Mn, Zn) во хелатна форма. Производот е природно богат со тритерпенски сапонини кои дејствуваат нематоцидно на паразитските нематоди, контактно или преку апсорбирање.

NEMAKIL 35 AL plus обезбедува висока контрола на ектопаразитските и на ендопаразитските нематоди и спречува тие штетно да дејствуваат на кореновиот систем на земјоделските култури. Освен што тритерпенските сапонини имаат нематоцидно дејство, тие дејствуваат и како растителни хормони, особено преку стимулирање на порастот на кореновиот систем. Обезбедувањето поголема и подобро развиена коренова маса кај растението овозможува подобра обезбеденост со вода и со хранливи материи, поздрави растенија, намалување на негативниот ефект од нематодите, односно – стабилни и квалитетни приноси.

За да може да се постигне целосен ефект со NEMAKIL 35 AL plus, потребно е аплицирањето да се изврши кога почвата е близу до горната граница на лесно достапна вода за растенијата (полски воден капацитет), но не и кога почвата е презаситена со вода. Кај микронаводнувањето најдобар ефект се постигнува доколку средството се аплицира со последната четвртина од препорачаното количество вода за залевање. Во случај кога не се применуваат техники на микронаводнување, се препорачува апликација со полевање, инјектори и со хидробур директно во коренот на растенијата или со распрскувачи на површината на почвата, по што е потребно кратко залевање за внесување на средството во почвата.

**НАЧИН НА УПОТРЕБА**

Најдобар ефект со аплицирање на NEMAKIL 35 AL plus може да се постигне со хемигација, односно со аплицирање преку системот за микронаводнување. Со цел поуниформна дистрибуција на средството во коренот на растенијата и на целата површина, потребно е системот да биде правилно дизајниран, односно да дистрибуира рамномерно количество вода од секој уред (редовна проверка на исправноста на капалките или на микропрскалката). За да се спречи повратен тек на водата и на аплицираното средство во доводот на вода (изворот на вода), задолжително се поставува и неповратен вентил. При користење на овој начин на аплицирање потребно е да се зачува точниот сооднос на водата и средството, утврден според препораките подолу (пример: при единечна апликација треба да се употреби 2,5 l средство со 300-500 l вода на површина од 1000 $m^2$).

*БИОСТИМУЛАТОР*
*NEMAKIL 35 AL plus*
(Концентриран природен екстракт од Q. saponaria,
богат со тритерпенски сапонини и со полифеноли,
со додаток на микроелементи во хелатна форма)

За да може да се постигне целосен ефект, пожелно е аплицирањето да се изврши кога почвата е близу до горната граница на лесно достапна вода за растенијата (полски воден капацитет), но не и кога почвата е презаситена со вода. Затоа, најдобро е апликацијата да се изврши кога треба да се даде последната четвртина од препорачаното количество вода за залевање, но апликацијата да не трае повеќе од 30 минути. По апликацијата може да се продолжи со залевање за да се исчисти системот, но не повеќе од 15 минути.
По аплицирање на средството не треба да се врши залевање најмалку во следните 24 часа.

**Преку систем за микронаводнување (капка по капка или микродождење)**

| Култура | Период на аплицирање | Број на апликации | Дозирање l/1000 $m^2$ со 1 апликација |
|---|---|---|---|
| Градинарски и цвеќарски култури | Од 15. ден по расадувањето до 70. ден по расадувањето, во периодот на прифаќање на растението и на развој на корeновиот систем | 3-4 апликации (по 1 апликација на секои 15 дена) | 0,8 l со 100-150 l вода со една апликација |
| Винова лоза и овошни култури | Веднаш штом дозволат условите за аплицирање вода | 2 апликации (по 1 апликација на секои 15 дена | 1,4-1,5 l со 200-250 l вода со една апликација |
| | При интензивно присуство на паразитски нематоди се врши уште една апликација по бербата, со цел нивниот број да се одржи на ниско ниво | 1 апликација | 2,5-3,0 l со 300-500 l вода со една апликација |

**Забелешка:** На потешки почви апликацијата може да се изведе и единечно, односно 1-4 дена пред расадувањето на градинарските култури или штом дозволат условите за аплицирање вода кај овошките и кај виновата лоза. Се аплицира NEMAKIL 35 AL plus во количество од 2,5 до 3,0 l со 300-500 l вода на 1000 $m^2$. Кај градинарските култури, во одредени случаи, особено при силен интензитет на паразитски нематоди, може да се изврши комбинација од апликација пред расадување и апликација во тек на вегетација.

Методот со полевање е уште еден прилично прецизен метод на апликација. Ефикасно дејство со средството се постигнува само доколку влагата во почвата е близу до полскиот воден капацитет, односно почвата не е презаситена со вода. Кај овој метод не е потребно дополнително залевање по извршената апликација бидејќи препорачаното количество раствор директно се аплицира во коренот на растенијата. Слично е и кај начинот на аплицирање со приклучна механизација со инјектори или со хидробур, при што единствено олеснето е аплицирањето.
При користење распрскувачи за аплицирање на NEMAKIL 35 AL plus, се препорачува тие да бидат монтирани така што ќе формираат лента по должината на редот и ќе зафаќаат површина од 30 до 50% од коренот на културата. Како и кај претходните начини на аплицирање, потребно е влагата во почвата да биде обезбедена близу до полскиот воден капацитет.

***БИОСТИМУЛАТОР***
***NEMAKIL 35 AL plus***
(Концентриран природен екстракт од Q. saponaria, богат со тритерпенски сапонини и со полифеноли, со додаток на микроелементи во хелатна форма)

По аплицирањето на средството по површината на почвата се препорачува залевање со вода во траење од 10 до 15 минути (не се препорачуваат површински техники на наводнување), со цел целосно внесување на средството во почвата.

**Со полевање, инјектори или со распрскувачи**

| Култура | Период на аплицирање | Број на апликации | Дозирање l/1000 $m^2$ со 1 апликација |
|---|---|---|---|
| Градинарски и цвеќарски култури | 2-4 дена пред расадување или 15 дена по расадување | 1 апликација | 2,5-3,0 l со 300-500 l вода со една апликација |
| Винова лоза и овошни култури | Интензивна активност на кореновиот систем | 1 апликација | 2,5-3,0 l со 300-500 l вода со една апликација |

**Забелешка:** Доколку дозволува методот на апликација, бројот на апликациите може да се зголеми слично како и кај микронаводнувањето, при што дозирањето на крајот повторно треба да изнесува вкупно 2,5-3,0 l, а препорачаната концентрацијата на растворот треба да се движи во границите од 0,5 до 1%.

**ПОДГОТОВКА НА РАСТВОРОТ**

Се полни резервоарот до половина со вода и се додава NEMAKIL 35 AL plus според планираната доза и согласно со препорачаниот начин за аплицирање. Се дополнува резервоарот со преостанатото количество вода и се промешува. NEMAKIL 35 AL plus е целосно водорастворлив, па се препорачува мешање со мал интензитет за да не се создава пена. Вака подготвениот раствор треба да се аплицира најдоцна во период од 3 часа по извршената подготовка. Кај системите за мирконаводнување кај коишто се користат пумпи за хемигација (фертиригација), резервоарот се полни само со NEMAKIL 35 AL plus, а фертиригаторот се поставува на бараната концентрација којашто треба да се додаде во водата за наводнување. За правилна примена на методот со хемигација, се предлага претходно калибрирање на фертиригаторот, односно утврдување на времето за кое одредено количество течност од градуиран сад (подоцна резервоарот) ќе се вметне во системот за микронаводнување.

**Каренца:** Не е апликативно.

**НАПОМЕНА**

NEMAKIL 35 AL plus претставува растителен екстракт кој е целосно растворлив во вода, со додаток на микроелементи (Mn, Zn) во хелатна форма, што овозможува да се користи во различни програми за фертиригација и за прихрана на земјоделските култури, како и негова комбинација со средства за заштита на растенијата. Неопходно е пред секоја употреба да се прочита упатството од производителот на ѓубривата или од средствата за заштита коишто се користат во програмата. Се препорачува да не се аплицира со ниеден производ без претходно тестирање на нивната компатибилност.

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ

***БИОСТИМУЛАТОР***
***NEMAKIL 35 AL plus***
(Концентриран природен екстракт од Q. saponaria,
богат со тритерпенски сапонини и со полифеноли,
со додаток на микроелементи во хелатна форма)

За да се види компатибилноста, се препорачува микс од средствата со препорачаните дози од производителите, и тоа во траење не помалку од 30 минути. Доколку не сте сигурни во компатибилноста на производите, најдобро е NEMAKIL 35 AL plus да го аплицирате поединечно. Апликаторот мора да биде обезбеден со целосна опрема за заштита при апликација (заштитна облека, заштитни очила и заштитни ракавици).

**Токсичност**: Предупредување: Производот предизвикува привремено оштетување на очите. Производот е штетен при проголтување или при апсорбирање преку кожата. Внимавајте да не дојде во контакт со очите или со облеката. Носете заштитна опрема при ракување. Измијте се со големо количество сапун и со вода по ракување и пред јадење или пиење. Отстранете ја и исперете ја контаминираната облека пред повторна употреба. Не го аплицирајте производот директно во површинските води или во нивна близина. Не ги загадувајте површинските води при апликација, при отстранување на производот и/или при чистење на опремата за апликација.

## СКЛАДИРАЊЕ

**Трајност:** Чувајте го во затворена и во проветрена просторија, во оригиналното пакување, на темно место и при температура +5°C до +25°C. Не ги загадувајте водата, храната или сточната храна при складирање и при отстранување на производот. Чувајте го вон дофат на деца и на домашни миленици. Не се препорачува користење на празната амбалажа за друга употреба.

## РОК НА УПОТРЕБА

2 години

| СОСТАВ | |
|---|---|
| Манган (Mn) | (0,8 ± 0,4) % |
| Цинк (Zn) | (1,2 ± 0,4) % |
| Цврсти органски материи | (30,0 ± 5,0) % w/w |
| Цврсти неоргански материи (пепел) | (5,0 ± 2,0) % w/w |

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ